УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ - ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

UDC 80 (82)

ISSN 1857-7059

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2022

# YEARBOOK 2022

ГОДИНА 13
БРОЈ 20

VOLUME 13
NO 20

GOCE DELCEV UNIVERSITY - STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

УНИВЕРЗИТЕТ „ГОЦЕ ДЕЛЧЕВ“ – ШТИП
ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК
# 2022
# YEARBOOK
# 2022

ГОДИНА 13 VOLUME XIII
БР. 20 NO 20

GOCE DELCEV UNIVERSITY – STIP
FACULTY OF PHILOLOGY

# ГОДИШЕН ЗБОРНИК ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

**За издавачот:**
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска

**Издавачки совет**
проф. д-р Дејан Мираковски
проф. д-р Лилјана Колева-Гудева
проф. д-р Луси Караниколова -Чочоровска
проф. д-р Светлана Јакимовска
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Редакциски одбор**
проф. д-р Ралф Хајмрат – Универзитет од Малта, Малта
проф. д-р Нецати Демир – Универзитет од Гази, Турција
проф. д-р Ридван Џанин – Универзитет од Едрене, Турција
проф. д-р Стана Смиљковиќ – Универзитет од Ниш, Србија
проф. д-р Тан Ван Тон Та – Универзитет Париз Ест, Франција
проф. д-р Карин Руке Бритен – Универзитет Париз 7 - Дени Дидро, Франција
проф. д-р Роналд Шејфер – Универзитет од Пенсилванија, САД
проф. д-р Кристина Кона – Хеленски Американски Универзитет, Грција
проф. д-р Златко Крамариќ – Универзитет Јосип Јурај Штросмаер, Хрватска
проф. д-р Борјана Просев-Оливер – Универзитет во Загреб, Хрватска
проф. д-р Татјана Ѓуришиќ-Беканович – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора
проф. д-р Рајка Глушица – Универзитет на Црна Гора, Црна Гора
проф. д-р Марија Тодорова – Баптистички Универзитет од Хонг Конг, Кина
проф. д-р Зоран Поповски – Институт за образование на Хонг Конг, Кина
проф. д-р Елена Андонова – Универзитет „Неофит Рилски“, Бугарија
м-р Диана Мистреану – Универзитет од Луксембург, Луксембург
проф. д-р Зузана Буракова – Универзитет „Павол Јозев Сафарик“, Словачка
проф. д-р Наташа Поповиќ – Универзитет во Нови Сад, Србија

проф. д-р Светлана Јакимовска, проф. д-р Луси Караниколова-Чочоровска, проф. д-р Ева Ѓорѓиевска, проф. д-р Махмут Челик, проф. д-р Јованка Денкова, проф. д-р Даринка Маролова, доц. д-р Весна Коцева, доц. д-р Надица Негриевска, доц. д-р Марија Крстева, доц. д-р Наталија Поп Зариева, проф.д-р Игор Станојоски, доц.д-р Лидија Камчева Панова

**Главен уредник**
проф. д-р Светлана Јакимовска

**Одговорен уредник**
проф. д-р Ева Ѓорѓиевска

**Јазично уредување**
м-р. Лилјана Јовановска (македонски јазик)
доц. д-р Сашка Јовановска (англиски јазик)
доц. д-р Наталија Поп Зариева (англиски јазик)

**Техничко уредување**
Благој Михов

**Редакција и администрација**
Универзитет „Гоце Делчев“-Штип
Филолошки факултет
ул. „Крсте Мисирков“ 10-А п. фах 201, 2000 Штип
Република Северна Македонија

# YEARBOOK
# FACULTY OF PHILOLOGY

**For the publisher:**
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD

**Editorial board**
Prof. Dejan Mirakovski, PhD
Prof. Liljana Koleva-Gudeva, PhD
Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Editorial staff**

Prof. Ralf Heimrath, PhD - University of Malta, Malta
Prof. Necati Demir, PhD - University of Gazi, Turkey
Prof. Rıdvan Canım, PhD - University of Edrene, Turkey
Prof. Stana Smiljkovic, PhD - University of Nis, Serbia
Prof. Thanh-Vân Ton-That, PhD - University Paris Est, France
Prof. Karine Rouquet-Brutin PhD - University Paris 7 – Denis Diderot, France
Prof. Ronald Shafer PhD - University of Pennsylvania, USA
Prof. Christina Kona, PhD - Hellenic American University, Greece
Prof. Zlatko Kramaric, PhD - University Josip Juraj Strosmaer, Croatia
Prof. Borjana Prosev – Oliver, PhD - University of Zagreb, Croatia
Prof. Tatjana Gurisik- Bekanovic, PhD - University of Montenegro, Montenegro
Prof. Rajka Glusica, PhD - University of Montenegro, Montenegro
Prof. Marija Todorova, PhD - Baptist University of Hong Kong, China
Prof. Zoran Popovski, PhD - Institute of education, Hong Kong, China
Prof. Elena Andonova, PhD - University Neofilt Rilski, Bulgaria
Diana Mistreanu, MA - University of Luxemburg, Luxemburg
Prof. Zuzana Barakova, PhD - University Pavol Joseph Safarik, Slovakia
Prof. Natasa Popovik, PhD - University of Novi Sad, Serbia

Prof. Svetlana Jakimovska, PhD, Prof. Lusi Karanikolova-Cocorovska, PhD,
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD, Prof. Mahmut Celik, PhD, Prof. Jovanka Denkova, PhD,
Prof. Darinka Marolova, PhD, Prof. Vesna Koceva, PhD, Prof. Nadica Negrievska, PhD,
Prof. Marija Krsteva, PhD, Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, Prof. Igor Stanojoski, PhD,
Prof. Lidija Kamceva Panova, PhD,

**Editor in chief**
Prof. Svetlana Jakimovska, PhD

**Managing editor**
Prof. Eva Gjorgjievska, PhD

**Language editors**
Liljana Jovanovska, MA (Macedonian language)
Prof. Saska Jovanovska, PhD, (English language)
Prof. Natalija Pop Zarieva, PhD, (English language)

**Technical editor**
Blagoj Mihov

**Address of editorial office**
Goce Delcev University
Faculty of Philology
Krste Misirkov b.b., PO box 201
2000 Stip, Republic of Nort Macedonia

# СОДРЖИНА
# CONTENTS

## *Книжевност*

**Natalija Pop Zarieva, Krste Iliev, Kristina Kostova**
FROM THE ROMANTICS TO STOKER: CULTURE,
APPEAL AND LONGEVITY OF THE MYTH.................................................................................. 9

**Марина Иванова**
ПРИКАЗ НА ВРСКАТА МЕЃУ РЕАЛНОСТА И ФИКЦИЈАТА ВО
„СТАРЕЦОТ И МОРЕТО“ ОД ЕРНЕСТ ХЕМИНГВЕЈ
**Marina Ivanova**
DEPICTION OF THE CONNECTION BETWEEN REALITY AND
FICTION IN "THE OLD MAN AND THE SEA" BY ERNEST HEMINGWAY.......................... 17

**Лилјана Јовановска**
СИМБОЛИКАТА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА ПТИЦИТЕ ВО
ДЕЛАТА НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ
**Liljana Jovanovska**
SYMBOLISM OF THE MEANING OF BIRDS IN THE WORKS
OF VIDOE PODGOREC.......................................................................................................... 27

**Kristina Kostova, Krste Iliev, Dragan Donev**
ANALYZING IMAGE SCHEMAS IN EXCERPTS OF SOME
SHAKESPEAREAN PLAYS

**Krste Iliev, Natalija Pop Zarieva, Dragan Donev**
ONE RECURRENT THEME: REVENGE IN SHAKESPEARE'S TRAGEDIES,
HISTORIES AND COMEDIES ............................................................................................ 39

## *Преведување и толкување*

**Марија Леонтиќ**
ПРВИТЕ ПРЕВЕДУВАЧИ НА ОСМАНСКО-ТУРСКИ
ДОКУМЕНТИ И ПРВИТЕ ИСТРАЖУВАЧИ НА ОСМАНЛИСКИОТ
ПЕРИОД ВО МАКЕДОНИЈА
**Marija Leontik**
THE FIRST TRANSLATORS OF OTTOMAN-TURKISH
DOCUMENTS AND THE FIRST RESEARCHERS OF OTTOMAN
PERIOD IN MACEDONIA ...................................................................................................... 45

**Даринка Маролова**
СИНТАКСИЧКАТА ПОВЕЌЕЗНАЧНОСТ ВО ТОЛКУВАЧКИОТ ПРОЦЕС
**Darinka Marolova**
SYNTACTIC AMBIGUITY IN INTERPRETING PROCESS...................................................... 57

## *Методика*

**Sanja Gacov**
THE ROLE OF THE PEDAGOGUE IN 12 EUROPEAN COUNTRIES ..................................... 85

**Мирјана Пачовска**
КОМУНИКАТИВНИТЕ ФРАЗЕОЛОГИЗМИ ВО УЧЕБНИЦИТЕ
ПО ГЕРМАНСКИ ЈАЗИК
**Mirjana Pachovska**
COMMUNICATIVE PHRASEOLOGICAL UNITS IN THE
TEXTBOOKS OF GERMAN LANGUAGE ................................................................... 93

## *Јазик*

**Даринка Маролова, Марина Христовска**
СЛОЖЕНИТЕ ИМЕНКИ ВО СОВРЕМЕНИТЕ
СТРУЧНИ ЈАЗИЦИ (ГЕРМАНСКИ, МАКЕДОНСКИ)
**Darinka Marolova, Marina Hristovska**
COMPOUND NOUNS IN MODERN SPECIALIZED LANGUAGES
(GERMAN, MACEDONIAN) ......................................................................................... 107

**Сељвије Селмани**
СУФИКСНОТО ИЗВЕДУВАЊЕ ВО ПРОЗАТА НА ФАИК КОНИЦА
Seljvije Selmani
THE SUFFIX DERIVATION IN FAIK KONICA'S PROSE ........................................................ 113

УДК 821.163.3-93.09

Прегледен труд
Review paper

# СИМБОЛИКАТА НА ЗНАЧЕЊЕТО НА ПТИЦИТЕ ВО ДЕЛАТА НА ВИДОЕ ПОДГОРЕЦ

Лилјана Јовановска[1]

[1]Филолошки факултет, Универзитет „Гоце Делчев“ – Штип
lsjovanovska@yahoo.com

**Апстракт:** За објаснување на самиот поим *симбол* (лат. *symbolum* < грч. *σύμβολον:* знак) постојат повеќе дефиниции: *предмет, дејство и сл. што служи како условен знак за некој поим, идеја; уметнички лик што предава условно некоја мисла, преживеалица; воопшто: знак, означување на сите карактеристики.*[1] Ако од цитираново направиме паралела со темата на овој труд, ќе дојдеме до тоа дека сето ова нѐ упатува на сфаќањето дека читајќи го литературното дело, покрај соочувањето со содржината кога ликот предава некоја мисла и преживеалица, треба да ја бараме симболиката и длабоките значења скриени зад зборовите на авторот, да откриеме која е смислата и суштината на самото дело за подобро да разбереме што сакал да каже самиот тој. Симболиката ја бараме постојано, надевајќи се дека ќе окриеме нешто повеќе, нешто што ќе ни даде духовна храна и нешто што кога ќе го разбереме, ќе ни помогне да направиме пресликување врз нас и нашето душевно воздигнување. Во овој труд ќе се осврнеме накратко на творештвото на Видое Подгорец, посебно на неговата проза и на значењето на симболиката на птиците во неговите дела.

**Клучни зборови:** *симбол, птици, проза, Видое Подгорец*

1) Дигитален речник на македонскиот јазик (Достапно на http://drmj.eu/search/%D1%81%D0%B8%D0%BC%D0%B1%D0%BE%D0%BB )

# SYMBOLISM IN THE MEANING OF THE BIRDS IN THE WORKS OF VIDOE PODGOREC

Liljana Jovanovska[1]

[1]Faculty of Philology, Goce Delcev University, Stip, Macedonia
lsjovanovska@yahoo.com

**Abstract:** There are more definitions of the meaning of the word symbol (Latin symbolum < Greek σύμβολον: sign) such as: object, activity etc. that is used as a conditional sign of a certain thing, idea, artistic character that nominally represents a certain idea, experience; generally: a sign, indicating of all the characteristics. If we compare this quotation with the main theme of this work we will realize that all these things bring us to the understanding that while we are reading the literary work, besides facing with the content when the character demonstrates a certain thought and experience, we need to look for the symbolism and the deeper meaning hidden behind the words of the author, to reveal the main point and essence of the work itself in order to understand better what he was trying to tell us. We constantly seek for symbolism, hoping that we will discover something more, something that will give us food for the soul and something that, as soon as we understand it, will help us replicate it on us and our spiritual growth. In this paper we will briefly analyze the works of Vidoe Podgorec, especially his prose and the meaning of the symbolism in his works.

**Key words:** *symbol, birds, prose, Vidoe Podgorec*

**Вовед**

Птицата како симбол и како мотив е стара исто колку и човештвото. Таа симболика ќе биде предмет на проучување и разложување во овој труд.

Секогаш птицата е симбол за душата. Кога набљудуваме со која леснотија птиците полетуваат и летаат, како со складни движења понираат, се пресретнуваат и усмеруваат, за потоа со складни замавнувања на крилата повторно да се издигнат и да летаат по небото стремејќи кон својата цел во бескрајната далечина, во нас може да се распламти праодамнешната желба да се ослободиме од силата на Земјината тежа и ние да го искусиме истото. Со својот слободен лет птиците ја отелотворуваат симболиката која нè тера и ние да посакаме да се вивнеме и да ја почувствуваме таа неизмерна слобода на телото и душата. Убавината на птиците во лет нè издигнува од јаремот на нашето постоење и го раѓа копнежот кој ни дава крила, сакаме и ние да го следиме својот пат, да летаме усклaдени како нив еден до друг, да лизга нашето тело преку бескрајните далечини, да го напуштиме својот стар живот за да дојдеме до целта. Со секое замавнување на крилата, во нас расте копнежот на душата, ни ја пее својата песна за далечините, убавината, љубовта. И колку песната посилно и појасно одѕвонува, толку повеќе ни стануваат јасни границите на нашето постоење и желбата да се свртиме кон нешто ново и поинтересно, да се

свртиме кон душевната птица во нас и да се свртиме кон истомислениците и да се групираме со нив.

Птиците се метафора на заминувањето, промените, нестабилноста, но и прилагодувањето, флексибилноста. Симбол се, а и навистина се тука. Околу нас. Со нас. Во книгите исто така.

Птицата како симбол и мотив во литературата се појавува уште од времето на симболистите, кај Шарл Бодлер, Едгар Алан По, потоа кај Харпер Ли, Адам Брукс, Вида Огњеновиќ, Јежи Косински и плејада други автори кои го негувале овој симбол и преку него ги одразувале своите душевни бранувања, размислувања и ги пренесувале своите пораки.

Видое Подгорец е еден од нив кој „природата ја поистоветува со уметноста“ (Идризовиќ, 1988: 241) и птицата како дел од таа природа му послужува како мотив и симбол преку кој ќе го пренесе своето видување и разбирање на животот и сè она што се случува околу него и што како морална порака сака да ни го пренесе.

**Видое Подгорец – уметник на пишаниот збор**

„По изворноста на институцијата, опфатеноста на животот и просторноста на делото, Видое Подгорец е единствен феномен не само во македонската литература“ (Идризовиќ, 1988: 237), туку и пошироко. Ако имаме на ум дека создал огромен број книги поезија, проза, патописи, критики и приказни, тоа го прави него Олимп на книжевната сцена. Овој „расен писател за деца“ „сè што напишал, дури и кога не е секогаш најбеспрекорно и сосем ново, пленува со начинот на соопштувањето, со занимливоста на фабулата, со искултивираниот јазик и стил и, не на крајот, со емоционалноста на зборот, стихот, реченицата...“ (Друговац: 143)

Обемот и бројот на неговите дела восхитува и пленува. „Буди стравопочит таа, жанровски разновидна, естетски и педагошки релевантна библиотека од која читателот многу дознава и за своето национално историско минато и за животните преобразби во современоста, со многу човечки драми и недоброј детски дилеми, радости и болки со кои се исполнети книгите на овој хуманист“. (Друговац, 1996: 303)

„Немирот на овој творец и ангажираноста со животот како да немаат граници“. „Тој е уметник кој покажа дека инспирацијата не му пресушува во нашето време и дека со нови остварувања покажува богат и изворен талент“. „Делото на Видое Подгорец е потврда за исконската врзаност на човекот за почвата, неговата преданост кон хуманизмот и идеалите на слободата“. (Идризовиќ, 1988: 237)

„Прозата на Видое Подгорец претставува раскошно богатство од теми и мотиви изразени преку многубројни збирки од раскази и романи“. (Цацков, 1997: 143) Тој успеал преку повеќедецениското творештво да создаде огромен број пријатели и поддржувачи на неговото дело, да иницира многу истражувања и проучувања на темите и мотивите застапени во неговите книги и да поттикне многу трудови кои се обидуваат да ја објаснат симболиката во нив, да го пронајдат значењето и да успеат да извлечат заклучоци.

## Видое Подгорец – сликар на животните, природата, птиците

„Животните отсекогаш имале свое место во литературата. Човекот од памтивек бил поврзан со животните. Анималноста во детската книжевност е една од почестите теми“ (Денкова, 2016: 163).

Раскажувачката постапка на Подгорец е резултат на еден длабок личен опит на авторот, дело на еден креативен дух кој непрестајно го перфекционира тој значаен аспект на своето дело. Како познавач на нашето село и на народниот живот, Подгорец пасионирано ја доживува природата, човекот во неа, детето во неа, детето во природата, човекот во неа, неговите миленици – животните, убавината на родниот крај. Длабокото познавање на светот на детето, на авторот му овозможува да проникне во него, да ја создава својата литература според мерката на тој свет, но и да го збогатува и да му ги шири хоризонтите. (Мицковиќ, 1987: 9–29) Човекот од памтивек бил поврзан со животинскиот свет. И во праисторијата тој ги ловел и припитомувал животните за да опстане. Таа судбинска поврзаност на човекот со животните влијаела на тоа тие многу рано да станат негова важна инспирација и преокупација. (Ристановић, 2010: 48–49) Подгорец постојано во своите дела ја слика природата, ги почитува животните, птиците, инсектите и нѐ тера да го откриеме длабокото значење и симболиката на неговите зборови.

Ненарушената слика на природата запамтена од детството го опседнувала Подгорец. Од извонредните описи на реките и шумските бистри извори, вировите, росата во која се мијат птиците, тревата, инсектите, од водата која е животворен сок, описите на планината, шумите, цвеќето и останатите растенија, тој својата поетска и животна енергија ја дарува создавајќи симболични слики кои оживуваат и ја доловуваат суштината на неговата мисла.

## Симболиката на значењето на птицата како мотив во делата на Видое Подгорец

Птицата како симбол и како мотив е стара исто колку и човештвото. Самата Библија, имено, развива многу алузии на птиците и птичјиот свет. Меѓу небеските птици, лебедот, орелот, сојката, се најмногу застапени мотиви. Од деталите на мотивите врзани со птиците, најмногу се тематизираат крилата, птичјиот лет и пеење. Птичјото пеење е како возвишување на човечката душа, па не е ни чудно што во прасловенскиот орнитолошки симболизам на птицата, мотивите што се поврзани со поимот птици, ја претставуваат човечката душа, нејзината кршливост, нежност и проѕирност. Тие се моќен и сеприсутен симбол. Птиците се метафора на заминувањето, промените, нестабилноста, но и прилагодувањето, флексибилноста. Симбол се, а и навистина се тука. Околу нас. Со нас. Во книгите исто така.

Видое Подгорец е еден од тие автори, кој „природата ја поистоветува со уметноста“ (Идризовиќ, 1988: 241) и птицата како дел од таа природа му послужува како мотив и симбол преку кој ќе го пренесе своето видување и разбирање на животот и сѐ она што се случува околу него.

Во повеќето негови книги се застапени птиците, тој ги опишува, им се восхитува, преку нив ни ги пренесува своите сфаќања и доживувања на животот, ги пренесува своите морални пораки и се обидува да допре до читателот. Нѐ тера на размислување, нѐ тера да ја сфатиме неговата мисла, да ја препрочитаме и меморираме, да ја разбереме.

Во романот **„Прокудени птици“** е прикажана судбината на децата Васко и Петар зафатени од виорот на Втората светска војна. „Тоа се деца, со право ќе речеме, без детство, тоа е едно босоного, гладно, исплашено, но и смело воено детство без детство, чијашто проекција Подгорец ни ја дал во дваесет и две поглавја, именувајќи го секое од нив посебно, така што може да се има претстава за низа поврзани раскази, низа солидно поврзани епизоди во една нераскинлива целост“. (Друговац, 1996: 317)

Темата не е непозната. Ова е расказ за Васко и Петар, за борците-партизани, за мачениците патриоти, и ова е приказна-аманет на поколенијата на децата и возрасните да се сеќаваат и да паметат. (Друговац, 1996: 317) Преку судбината на овие момчиња, и судбината на сите од селото, всушност Подгорец ни ги доловува страдањата и ужасите на луѓето опфатени од виорот на војната и во еден момент да напише: *Мажите, жените и децата како прокудени птици ги напуштаа своите гнезда, бегајќи пред црните канџи на стравот.* (Подгорец, 1964) Во оваа реченица е вткаена целата симболика на насловот на романот посветен на сите оние кои војната ги натерала, бегајќи од окупаторот како „прокудени птици“, да одлетаат од родното огниште плашејќи се за својот живот и животот на најблиските.

Преку зборовите на воденичарот Геран обраќајќи им се на Васко и Петар, можеме да го разбереме она кон што нѐ насочувал Подгорец да разбереме: *Вие не сте веќе деца. Пред мои очи, сами за неколку дни, неволата ве натера да созреете предвреме. Гнездото на вашето детство се разнесе, го разурна бурата на војната и сега вие сте птици, кои самиот живот ги научил да летаат и да се снаоѓаат. Вие го положивте тој страшен испит, пораснавте...* (Подгорец, 1964) Но, не заборава да ни покаже дека кај нив се раѓа револтот и тие „птици“ одлетуваат во планината каде се организираат и во „јато“ се враќаат сите заедно, и најмладите и најстарите, да нападнат и да си го повратат насилно одземеното „гнездо“. Симболиката е во тоа дека секоја птица, каде и да лета во бескрајниот небесен простор, секогаш се враќа во своето гнездо, борејќи се за него.

Во романот во уште еден момент ќе ја сретнеме птицата како симбол кога курирчето Петар ќе биде пратено во тајна мисија во градот и како лозинка е употребена реченицата: *Дедо, вие не ли продавате кафези со птици?,* каде Подгорец симболично алудира на кафезот како симбол на одземената слобода, а пак во продолжението на лозинката да следи прашањето: *А што стана со гулабите?,* пак алудира на еден веќе познат симбол, гулабот – симбол на мирот, на слободата, која е толку посакувана од носителите на дејството во романот.

Канаринката, како мала, но прекрасна птица-песнопојка, која исто е среќна кога е слободна, ќе му послужи на Видое Подгорец како мотив во книгата **„Прости ми канаринке“.** Тоа е книга-спомен во која е опишан „еден

подзаборавен свет, но толку близок и насушен“ (Петревски: 140) која што е занимлива ретроспектива и евокација на детството каде ликовите на децата доминираат и каде тие деца се соочуваат со своите морални дилеми и кои им помагаат да разберат и да пораснат. Се зборува за еден сиромашен свет каде дедото го учи внучето да се навраќа во воденицата за да се присети на детството, *оти тоа од сѐ најдолго се памети, најсилно се сака и најмногу се жали...* (Подгорец, 1964: 8) Се зборува за дедото што не може да го прати внучето-сираче да се школува, за детето кое длабоко го погодува прекарот „кукавица“, кога одбива да краде цреши спречен од својата морална дилема за крадењето како негативна постапка, зашто *туѓите се туѓи*.

Но, во истоимениот расказ, како и самата книга „Прости ми, канаринке“ *чурликањето на канаринката е потажно од секогаш* и момчето Павле погрешно сфаќа дека тоа е поради неговото заминување на работа. Подоцна, кога тој ќе го почувствува понижувањето, ограничувањето и омаловажувањето, ќе разбере дека всушност *туѓиот двор беше кафез за Павле, а Павле заробена птичка во него!* (Подгорец, 1964: 37) и дека кутрата птица *никогаш не била радосна* и дека причината за тоа е *тагата по загубената слобода и нејзината желба за слободен лет.* Во тој момент цврсто и непоколебливо решава дека *никому нема да му биде роб,* се враќа дома за да ѝ прошепоти на канаринката отворајќи ја вратичката од кафезот со намера да ја ослободи: *Прости ми канаринке, што досега те држев во ропство! Прости ми! Ни сам не знаев колку е тешко да бидеш заробен... догледање песнопојко моја!* (Подгорец, 1964: 38) И во овој прекрасен расказ Подгорец се навраќа на мотивот на изгубената слобода, само под други услови, и на симболичен начин, повторно преку птиците, ни помага да ја разбереме пораката што ни ја праќа – силниот протест против социјалната неправда.

Додека пак, во расказот „Грлица“ детето Гавро преку објаснувањето на старецот сфаќа што значи кога ја задоволуваш желбата за лов, да предизвикаш не само смрт на едната птица, туку и на целото семејство птици, и тука на еден симболичен начин авторот повторно ни дава една морална поука дека подлабоко, потемелно и пошироко треба да размислиме пред да постапиме сурово одземајќи го слободниот лет на птицата.

Понатаму, во преостанатите раскази можеме да ги сретнеме потполошките, јаребиците и сите се насликани перфектно со особините по кои ги симболизираме, но посебно впечатлив е расказот за уништеното штрково гнездо и стравот дека *птиците ќе нѐ проколнат*, но и чувството на *жал спрема штрковите* кои *кога пролетта ќе го раззеленее широкиот двор, тие ќе дојдат, ќе кружат над покривите од куќите и ќе го бараат своето старо гнездо. Но, него ќе го нема...* (Подгорец, 1964: 82), а нашиот народ од нашата историја многу убаво знае што значи разурнато и уништено гнездо, за што Подгорец многу суптилно и симболички нѐ потсетува.

Во книгата **„Сивиот одмаздник“** низ дваесетте раскази Видое Подгорец повторно се навраќа на описите на природата, растенијата во неа, животните и птиците, ни помага да ја разбереме борбата за опстанок, симболиката на кругот на животот и пак нѐ учи да извлечеме морална поуки од постапките.

Во расказот „Смртта доаѓа тихо“ повторно се сретнуваме со еден предатор кој полека, во потрага по храна ги коси дивите патки, посебно тетребите – ги прекинува во нивната љубовна игра, *во најубавите моменти од животот кога срцето е исполнето со среќа, кога сето тело трепери од незадржлива радост и страст*. (Подгорец, 1969: 105) Овие птици не успеваат да полетаат со своето јато. Меѓутоа авторот и во овој случај не дозволува злосторникот да остане неказнет – *смртта доаѓа тихо*.

Во друг расказ е спомнат бувот кој Подгорец, како и другите автори во литературата, симболично го претставува како неранимајко, арамија, кој со својот крик ќе огласи: *Ајде, време е ние разбојниците да тргнеме на лов!* (Подгорец, 1969: 131)

Во „Последниот лет“ ни е дадена симболичната борба на два предатора, еден на земјата, еден на небото, кои поради својата алчност ќе бидат казнети и во *очите ќе остане само желбата за последниот лет* (Подгорец, 1969: 160) преку кои се симболизирани различните видови луѓе кои не бираат средства во оправдувањето на својата цел, за на крај да платат со животот за тоа.

Преку приказната за „Дивите гулаби“ ние се запознаваме со грижата на родителите за своето семејство, напорите дечињата-гулапчиња да се научат на сѐ што треба да знаат и како да „пролетаат“, да го запознаат светот и да знаат да се снајдат сами во животот истрпувајќи ги сите искушенија.

Тетребите повторно се сретнуваат во истоимениот расказ каде нивната семејна среќа за малку ќе биде прекината од уште еден стрвник – јастребот, ако Подгорец не реагира преку ликот на ловецот и на крај заврши со објаснувањето: *на земјава треба да им се прави место на оние што сакаат мирно да живеат* (Подгорец, 1969: 202)

Во „Воздушниот разбојник“ авторот, иако пак го слика разбојникот, јастребот, само сега го става во улога на бранител на семејството, на своите родени чеда, и затоа во овој случај тој е моралниот победник. На крајот, сепак, добиваме симболично објаснување на прашањето до кога треба да се грижи за немоќните птици – *додека тие не станат способни сами да се грижат за себеси*.

Понатаму во книгата ја сретнуваме прекрасната чучулига – симбол на убавото и „вечна шарба на небесното платно“ („Срцето на природата“), ја следиме борбата на сивите чапли – симболи на натрапниците и узурпаторите, и штрковите – симболи на добрината, кои јуначки се борат во желбата да си ги вратат своите гнезда, без разлика на последиците („Штркови“).

Во „Лет без граници“ преку приказната за Златко, за алуминиумскиот прстен на дивата патка која од преголема тага по својот мртов другар оди во непознати пространства каде ја наоѓа само својата смрт, ја разбираме симболиката на бескрајноста на небото и *дека за крилјата нема граници, а за тагата нема пространства*. (Подгорец, 1969: 242)

**„Отиде со жеравите“** е мала книшка во која низ петнаесетте раскази Подгорец поворно се навраќа на детството, ги опишува скриените катчиња на детската душа погодена од ужасите на војната, длабоките страдања предизвикани од неа, трепетот и стравот на едно уништено и украдено детство.

Во истоимениот расказ, преку симболиката на жеравите кои летаат по бескрајната небеска шир и заминуваат во далечни непознати небесни предели, малото девојче си го објаснува заминувањето и невраќањето на таткото кој *отиде со жеравите во непознатите темнини на есенската ноќ*. (Подгорец, 1967: 16) Малото девојченце чека татко ѝ да се врати, постојано гледа во неговата замаглена и пожолтена слика на ѕидот и копнее повторно да ги слушне зборовите: *Гулапче, на мене личиш. Повеќе на мене...* (Подгорец, 1967: 15) На крајот *времето тече. Се сменуваат пролетта со летото, есента со зимата. И пишуваат долг обрач со години. Јас не сум веќе малечка*. Сепак останува длабоко врежано *во детските очи некое матно сеќавање на мил незаборавен лик со топла насмевка. Не знам... А, сепак, го запаметив. Од сѐ најмногу: онаа темна, врнежлива есенска ноќ кога над селото летаа жерави и нивните крикови како да навестуваа коб*. Сфаќа дека виорот на војната го однесува таткото и останува заклучокот: *А едно беше непобитно сигурно: Отиде со жеравите и не се врати.* (Подгорец, 1967: 19)

Симболичното опишување на славејот во расказот „Дивиот јоргован“ кој правејќи го гнездото *како да ја вплетува во него сета своја љубов и грижа, сета своја добрина и песна* и „*несебично ги разлева сребрените нишки на својот глас*“ и во чија песна детето, обременето од мислата за болната мајка и таткото на фронтот, растуреното семејно гнездо, грижата несвојствена да ја носи некој на таква возраст, наоѓа утеха. Песната на славејот – симболот на убавата весела песна, го орасположува и заедно со мислата за дивиот јоргован, му помагаат на момченцето на момент да заборави на своето страдање. Подгорец, внесувајќи ги овие симболични елементи од природата, не дозволува детенцето, покрај тоа што војната му го украла детството, до крај да венее без да има барем мала ронка утеха.

Војната повторно ќе биде причина за раселувањето и уништувањето на детството и предвременото созревање во романот **„Летот на белата гулабица“**. Подгорец исклучително пластично ја слика судбината на Еврејчето Соломон Леви кое бегајќи од нацистичкиот прогон од Барселона, заедно со своето семејство ќе застане во нивите и ливадите покрај Вардар и ќе се обиде да се пронајде себе си.

Уште еднаш Подгорец суптилно ќе ја вметне птицата како симбол и преку приказната на стариот дедо Хуан од Барселона за „*преубавата и прекротка*“ бела гулабица – заштитничка и помошничка на сиромашните. Гулабицата како симбол на убавото, мирот, не може да биде оставена да помага и да ги усреќува страдалниците, зашто *„добродетелта не може да живее долго меѓу луѓето“*. (Подгорец, 1982: 39) Ќе биде убиена од оние кои им завидуваат на послабите, посиромашните и не дозволуваат да имаат барем некаква утеха.

И низ целата содржина на романот Подгорец ќе ја вметнува симболиката на белата гулабица како светла точка, надеж за утеха и добрина за измаченото семејство Леви. Кога доаѓа Ленче кај него дома, Мони верува дека *„таа среќа сигурно му ја донела белата гулабица“*. (Подгорец, 1982: 60) На моменти девојката ја поистоветува со гулабицата и верува дека таа му е спасителка и се радува кога ќе поминат долго време заедно и нема да му се верува дека *никогаш*

*досега не бил толку близу до белата гулабица, до избраницата на своето срце.* (Подгорец, 1982: 78) Таа прекрасна девојка му помага во најтешките мигови на семејството Леви носејќи им храна и не е чудно во еден момент Соломон за миг *да се сети на приказната на стариот рибар, дедо Хуан од Барцелона и пред неговите очи се раширија нежните крилја на бланка коломбино. О, бела гулабице, на среќата на сиромашните барцелонски рибари! Зарем оваа, што пред малку беше тука, не е белата гулабица на мојата, на нашата среќа? Таа, вистина, не ни го полни чунот со риби, но затоа секој ден ни носи по малку брашно, грав, или мрс, така што ние сè уште не сме ја сетиле сета мизерија на окупацијата. Отсега така и ќе те викам, Ленче: бланка коломбино! Белата гулабица на мојата среќа!* (Подгорец, 1984: 116)

Длабочината на својата љубов Соломон нема храброст да ја сподели со „белата гулабица на својот живот“ и ќе ги пренесе тие чувства во тетратката пишувајќи ѝ писмо во кое на еден искрен начин ќе се отвори, ќе каже за стравот од последиците на војната и дека таа мисла го следи како „сопствената сенка“, ама сфаќа дека не може да си помогне, пишува за „експлозијата“ во својата душа по *секоја средба со тебе* ама *чувството дека ти не си рамнодушна со мене ми внесува во градите една бескрајна топлина, чудесен трепет, сладок немир што не може да се објасни со зборови, зашто и за најстрашните работи што се случуваат во нашиот живот, можат да се најдат зборови, ама за ова – не.* (Подгорец, 1982: 131–132)

На еден впечатлив и силен начин ги пренесува своите страдања како туѓинец и натрапник кој талка по светот и кој, конечно, во Скопје почувствувал дека има *свои браќа и своја татковина*. На својата *бела гулабица на своите несоници* ѝ објаснува дека не се срами од својата љубов и мисли на неа дури и кога затворите се полнат со нивни другари и вели дека тоа е посилно од него и не е способен *да ги скроти своите сопствени вулкани што ми ја зовриваат крвта и ми ја потресуваат душата со најдрагите експлозии.* (Подгорец, 1982: 133)

Подгорец на еден мајсторски начин симболично во тој момент ќе ја вметне борбата на страчката – насилникот, и грлицата – мирниот човек, и ќе му понуди утеха на Соломон за полесно да разбере дека: *Еве, и меѓу птиците се водат војни. И меѓу нив има насилници! Страчката не успеа да ја грабне мирната грлица, но нема да се откаже од своето разбојништво. Ќе чека друг згоден момент да ја нападне.* Конечно ќе ја сфати смислата на животот: *Значи, сите оние што им донесуваат некаква полза на луѓето, макар и со своите тивки песни, секогаш се под удар на насилниците! О, зошто е тоа така? Зарем белата гулабица им направила некакво зло на богатите рибари, па ја отстрелале? Зависта и злобата ли владеат во светот? Дали некогаш човештвото ќе се ослободи од тие пороци; дали еднаш човекот ќе ја исчисти својата душа од сите црнила?*

И конечно, во моментот на крајот од романот кога Соломон паѓа од куршумот што му ги пронижува градите *во тој кус интервал меѓу последните здивови на животот и вечната вкочанетост што ја донесуваше смртта, смогна тивко и нечујно за нечие уво да изговори само неколку зборови: - Успеа... летот на белата гулабица...* (Подгорец, 1982: 133) Овде Подгорец ни помага да

ја сфатиме суштината на симболиката дека белата гулабица е спасена, жртвата е Соломон, ама таа останува жива и пак во иднина ќе продолжи да им помага на сиромашните.

Во книгата раскази **„Птиците одлетаа“** Подгорец уште еднаш се навратил кон првата љубов и таа всушност „е „довршување“ на топлата првољубена приказна за „Туника“. (Петревски, 1999: 146)

„Птиците одлетаа“ е книга-целина, но и секоја глава, сама за себе, претставува и може да се доживее како приказна. (Петревски, 1999: 146) Преку приказната за канарката во првиот расказ „Птицата на детството“ птиците се употребени како симбол за детството, кое одлетува оставајќи ги спомените за еден неповратен период од животот. Тој симболичен мотив за заминувањето на детството како птица повторно ќе се сретне кога храбро се бере букетот за саканата Туника во „Безумна храброст“ и објаснувањето дека *да пуштиш една заробена канарка на слобода – тоа сè уште не е збогување со детството. Тоа не е онаа остра и видлива граница, зад која почнува младоста и оној вистинскиот, големиот, сериозниот живот, исполнет со многу тревоги и грижи.*

Во „Летен дожд“ е раскажана случката за белите лебеди и уште еднаш е употребен симболот птици. Во литературата лебедот симболично претставува елеганција, грациозност, чистота, неизмерна верност. Во суштина лебедот претставува симбол на поетот и поезијата воопшто. Овде децата не размислувајќи го отепуваат едниот лебед и стануваат сведоци на длабоката љубов и верност кога од жал умира и другиот лебед.

И на крај, сепак е оставен просторот за продолжување на љубовниот копнеж, со оставањето на адресата за контакт по заминувањето на Туника и тагата во срцето на момчето.

Во дел од делата со сказновидна содржина, Видое Подгорец исто така симболично ги претставува птиците, трудејќи се преку нив да ни пренесе морални поуки. Во **„Царската птица“,** посебно преку зборовите на царската птица која се откажала од царската градина и сите убавини во животот и отишла да живее во дивите краишта по случката со лагата на царот, Подгорец дава симболично објасување: *Избегав од луѓето. Ние овде си ги знаеме нашите непријатели, па од нив можеме да бегаме и да се криеме. Но, од човечката подлост нема спас. Со човекот може да живее единствено папагалот, зашто тој само ги повторува неговите зборови. А за оние, кои размислуваат со својата глава и кои мислите си ги искажуваат со свои зборови, нема место* (Подгорец, 2000: 46) и да заврши Подгорец со мислата *каде има сила нема правдина*.

Во книгата **„Патувањето на Добрило“** Сината Птица му помага на Добрило побрзо да стаса на целта и уште еднаш Подгорец ја користи симболиката на птицата како помошник на главниот лик во барањето одговор и како господар на небесното пространство.

Понатаму, црпејќи ја инспирацијата од народната приказна за Силјан Штркот во книгата **„Патешествијата на Силјан Штркот“** ќе се обиде да нè поучи на симболичен начин што би се случило кога нема да се слушаат родителите и како на потешкиот пат ќе се научи што значи семејството за човекот и за границите на родителската љубов. Во оваа книга суптилно, како

уште една поучна нишка ја вметнува приказната за врапчињата Сиве и Чуле со цел да влијае уште еднаш со својата порака.

Видое Подгорец како љубител на природата и нејзините жители, во своите дела употребува мотиви преку кои на симболичен начин ни пренесува пораки и ни помага да ја разбереме суштината. Птиците, како негови пријатели, постојано се присутни низ неговите песни, раскази и романи и на еден симболичен и суптилен начин, ги праќа како помошници, поучувачи, утешувачи, пренесувачи на моралната порака. Тие во ниеден момент не му наштетуваат на човекот, може да се појават само како негови заштитници и многу ретко може да се случи да ја осуди постапката на некоја од птиците (волкот и јастребот), ама единствено со цел да ја пренесе моралната порака.

Понекогаш Подгорец негувајќи и пренесувајќи ја својата симболика, ќе го поврзе реалното со фантастичното. „Во книжевниот свет на Видое Подгорец, чудесниот реализам, магичните предмети, појави и човечки способности го менуваат односот кон просторот и времето. Во неговите романи може да истакнеме дека светот останува „реалистичен“ во спојот на стварното и нестварното“. (Денкова, 2015/16: 108)

**Заклучок**

Ова беше еден мал обид да се направи паралела во делата на Подгорец користејќи ја нишката што ги поврзува – значењето на симболиката на птиците преку кои самиот автор ни ги пренесува своите размислувања, сфаќања за животот и поуките што сака да ги научиме.

Пишувањето на Видое Подгорец им го откри на децата необичното богатство на родниот крај, им ги пренесе неговите бои и звуци, ги запозна децата со убавините, историјата минатото, со луѓето, претежно оние што го поминале целиот век или детството во природата. Тоа дело го покажува и писателот кој литературната творба ја разбира како општествена и уметничка функција, која покрај убавината што ја дава има и значење во формирањето и развојот на младиот човек“. (Идризовиќ, 1988: 258)

Може уште многу да се зборува и пишува за Видое Подгорец, затоа што е тешко да се врами во неколку страници осврт на сѐ што напишал тој и нема да може да се даде целосна слика за него, за сѐ што пишувал и создавал. „Неговото дело е импозантна градба што зачудува, творештво што одамна го надминало ’неверојатниот број‘ објавени наслови. Овде се урнати творечките рекорди и се доближуваат до несфатливата граница за обичниот разум.

Токму затоа делото на Видое Подгорец може да се нарече – творештво на соништата. Духовно богатство што го надминува дури и ’Балзаковиот сон‘ да се напишат сто дела. Таа бројка тукуречи одамна ја прекрши, станувајќи творец со чие дело идните генерации и експерти ќе мора сериозно да се позанимаваат“. (Петревски, 1999: 141)

**Користена литература:**

1. Денкова, Ј., (2016) *Анимализмот како тема во книжевноста за деца*, ФИЛКО – зборник на трудови, Штип.
2. Денкова, Ј., (2015–2016) *Анималистичкиот роман „Дивиот пес“ од Видое Подгорец*, Годишен зборник, Штип.
3. Друговац, М. (1996) *Македонската книжевност за деца и младина,* Детска радост, Скопје.
4. Идризовиќ, М., (1988) *Македонската литература за деца*, Наша книга, Скопје.
5. Мицковиќ, С., (1987) *Предговор кон книгата „Шарената птица“*, Наша книга, Скопје.
6. Петревски, Г., (1999) *Поговор на книгата на „Птиците одлетаа“ од Видое Подгорец*, Детска радост, Скопје.
7. Подгорец, В., (1964) *Прости ми канаринке*, Култура, Скопје.
8. Подгорец, В., (1967) *Отиде со жеравите*, НИК Наша книга, Скопје.
9. Подгорец, В., (1969) *Сивиот одмаздник*, Наша книга, Скопје.
10. Подгорец, В., (1981) *Патувањето на Добрило*, Детето и сообраќајот, Скопје.
11. Подгорец, В., (1982) *Летот на белата гулабица*, Детска радост, Скопје.
12. Подгорец, В., (1983) *Патешествијата на Силјан Штркот*, Детска радост, Скопје.
13. Подгорец, В., (1999) *Птиците одлетаа*, Детска радост, Скопје.
14. Подгорец, В., (2000) *Царската птица*, Детска радост, Скопје.
15. Ристановић, Ц., (2010) *Анимални свијет као општа тема у књижевности за дјецу*, Дјетинство, Нови Сад.
16. Цацков, Д., (1997) *Литература за деца и младина*, НИП „Глобус“, Скопје.

**Веб-страници**
**http://www.enciklopedija.hr/natuknica.aspx?ID=55997**
http://drmj.eu/



ФИЛОЛОШКИ ФАКУЛТЕТ

ГОДИШЕН ЗБОРНИК 2022